# И Н Ф О-К О Ч А Н И

## МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

Општина Кочани
Градоначалник на Општина Кочани

## ЈАНУАРИ 2024 г.





**Првиот ден од 2024 година – градоначалникот Љупчо Папазов во посета на дежурните служби**

Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов, на првиот ден во Новата 2024 година ги посети службите надлежни за редот и безбедноста за време на празниците.

На средбата со началникот на кочанското Одделение за внатрешни работи Горан Сандевски и со командири од ОВР, беше истакнато дека преодот од 2023 во Новата година поминал главно без инциденти на подрачјето на Кочани. Службите интервенирале на мала сообраќајна несреќа од која имало само материјална штета.

Градоначалникот Папазов ја посети и Територијалната противпожарна единица во Кочани, од каде беше информиран дека новогодишната ноќ поминала мирно, без интервенции. Командирот на ТППЕ Драган Апостолов информираше за подготвеноста за интервенции во зимски услови.

Честитајќи им ја Новата 2024 година, градоначалникот Папазов повика на одговорност од службите, а упати апел за совесно однесување од страна на сите граѓани.



**Се роди првото бебе во Кочани во 2024 година**

Емилија Постолова од с. Пекљани, Виница, го донесе на свет првото новороденче во Кочани во 2024 година. Третото дете во семејството Постолови е женско, по двете момчиња.

Медицинскиот тим соопшти дека бебето е тешко 3,3 килограми, долго 50 сантиметри. Тоа и мајката се чувствуваат добро.



Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов ги посети мајката Емилија и новороденчето Бојана, врачувајќи им ги традиционалните подароци и им посака добро здравје, многу среќа, со желби за среќно и убаво детство на новороденчето, а упати благодарност и до персоналот што го изврши породувањето.

Воедно, градоначалникот ја честита и првата рожба на семејството Постолови од Кочани, бебето Јаков Постолов, родено на 1 јануари во приватната болница „Ремедика“ во Скопје.



**Божиќна честитка од градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов**

Во пресрет на големиот христијански празник, Рождество Христово – Божиќ, градоначалникот на Општина Кочани, Љупчо Папазов до верниците од православната вероисповед упати божиќна честитка во која се вели:

Почитувани сограѓани,

Посакувам овие празнични моменти и денови да ви донесат многу здравје, радост и среќа во вашите семејства, а духовниот мир и меѓусебното разбирање да царуваат во вашите срца.

Божиќ е најрадосниот христијански празник, празник на Христовото раѓање и токму оваа светлината нека биде водилка низ животот во градењето на вистинските христијански вредности, додека Бадник е предвесник на големиот христијански ден, сплотувајќи ги најблиските на бадниковата трпеза. Ви посакувам Бадниковата вечер и Божиќ внесат топлина во домовите и семејствата. Среќен Божиќ, Христос се роди!“

Градоначалник на Општина Кочани
Љупчо Папазов



**Во пресрет на Божик – Бадникова поворка низ кочанските улици**

На Бадник, денот предвесник на големиот христијански ден Божиќ, над 190 дечиња кои учествуваа во Бадниковата поворка во организација на свештенството на храмот „Св. великомаченик Георгиј“ – Кочани, со исполнување на божиќната песна „Вечниот Бог“ продефилираа низ кочанските улици и го најавија Христовото раѓање.

Пред општинската зграда поворката беше примена од градоначалникот Љупчо Папазов, кој им подари коледарски пакетчиња, честитајќи им го големиот христијански празник Рождество Христово – Божик.

| | |
|---|---|
|  | |
|  | **Состанок на Локалниот совет за превенција на Општина Кочани**<br><br>На 12 јануари, во просториите на Општина Кочани се одржа состанок на Локалниот совет за превенција на Општина Кочани.<br>Локалниот совет за превенција констатираше дека безбедносната состојба на подрачјето на општина Кочани е стабилна, а координацијата помеѓу органите и институциите е добра и таа треба во иднина да се продлабочува и надоградува.<br><br>На одржаниот состанок исто така се побара надлежните инспекциски органи зачестено да вршат контрола во угостителските објекти на подрачјето на Општина Кочани. |
|  | **Во напредна фаза е проектот за поставување две фотоволтаични централи на Пречистителната станица за отпадни води во Мојанци**<br><br>Со зголемена динамика се работи на инсталирање на две фотоволтаични централи со моќност од 440 киловати и 120 киловати на кровот на Пречистителната станица во с. Мојанци, во рамките на проектот „Намалување на загубите на вода во водоснабдителниот систем и искористување на соларната енергија во Јавното комунално претпријатие во општина Кочани“, за кој е потпишан Договор за грант од Центарот за меѓународна соработка и развој на Република Словенија.<br><br>Вкупната вредност на проектот изнесува 447.872 евра, а грантот е во износ од 223.936 евра, односно 50 % од вредноста на проектот. Останатите 50 % се кофинасирање од Општина Кочани. |
|  | **Доделени признанијата за најуспешните во спортот во Кочани за 2023 година**<br><br>Општина Кочани во соработка со Асоцијацијата на новинари од Општина Кочани и оваа година ја организираше манифестацијата Избор на спортист на годината. На синоќашната манифестација беа доделени признанијата на најуспешните во спортот во Општина Кочани за 2023 година. |

<table>
<tr><td><br></td><td>За најдобар спортист на Кочани за 2023 година е избран Расул Шапиев (БК „Спартак“), на второто место се најде Наталија Карова (КК „Кочани“), на третото место е Мартин Андонов (КГС „Кочани“), а четврти е Илија Охомуш (КК „Кочани“).<br><br>Во категоријана на млади надежни спортисти комисијата одлучи на сите пријавени кандидати да им додели признанија и да се наградат нивните постигнати успеси.<br>Во категоријата најдобар спортски работник признанието го доби Александар Андов, претседател на ОФС, а за најдобар тренер беше избран Игорчо Каров од Карате клубот „Кочани“.<br><br>Планинарскиот спортски клуб „Осогово“ го доби признанието во категоријата најдобра спортска екипа.<br>Годинава беше доделена уште една награда за спортска личност на годината, која ја доби Лазар Захариев.</td></tr>
<tr><td><br></td><td>Младинска канцеларија МКЦ – Кочани – покана до сите млади и младински организации<br><br>Општина Кочани упатува покана до сите млади и младински организации од Кочани и Источниот Регион да се вклучат во развојот на локалните заедници во склоп на новоотворената Младинска канцеларија во Мултикултурниот центар во Кочани, простор каде младите ќе можат да ги споделуваат своите идеи, искуства и интереси.<br><br>Уредувањето и опремувањето на Младинската канцеларија е заедничка активност на Општина Кочани и Фондацијата за развој на локалната заедница Штип, во рамки на проектот „Направи разлика!“ имплементиран од Фондацијата за развој на локалната заедница – Штип, во партнерство со Ротари клубот Кочани и Виница и Ротари клубот Штип, финансиски поддржан од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД).<br><br>Лице за контакт:<br>Бубе Спанчевска – заменик службеник за млади<br>070/375-731<br>b.spanchevska@kocani.gov.mk</td></tr>
<tr><td></td><td>Амбасадорот на Европската Унија Дејвид Гир во посета на Општина Кочани<br><br>На 24 јануари, Амбасадорот на Европската Унија во Република Северна Македонија Н.Е. Дејвид Гир беше во официјална посета на Општина Кочани, каде што оствари</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
|  | средба со Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов.<br><br>На средбата се разговараше за досегашните остварени проекти и оние во тек, финансирани од страна на ЕУ, како и за правецот во кој ќе се движи Општината за нејзин развој. |
|  | **Состанок во рамките на проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите – постигнати позитивни промени и напредок на Општина Кочани**<br><br>Во просториите на Општина Кочани се одржа работен состанок со градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов и претставници од УСАИД, на кој се зборуваше за напредокот на Општината и позитивните промени како резултат на 18-месечната техничка поддршка во рамките на проектот на УСАИД „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“.<br><br>Како дел од позитивните промени и напредокот на Општина Кочани се:<br>– Подготвен Извештај со препораки за подобрување на организациските капацитети за администрирање на локалните даноци;<br>– Зголемен капацитет на Даночното одделение за ажурирање на базата на податоци за данок на имот;<br>– Информирање на даночните обврзници за плаќањето на данокот на имот, преку едукативната кампања „Мој данок за мојата општина“, споделена на веб-страницата на Општината;<br>– Спроведено бихевиористичко истражување на однесувањето на даночните неплаќачи (даночен морал), со што значително е намален заостанатиот долг по основ на данокот на имот кај физичките лица;<br>– Индексот на даночната транспарентност на Општина Кочани за 2022/23 е непроменет во однос на минатата 2021/22 и изнесува 67 %,<br>– Изработен Граѓански буџет за 2023 и објавен на веб-страницата на Општината;<br>– Изработена Процедура за внатрешна комуникација, објавена на веб-страницата на Општината;<br>– Подготвена и усвоена Процедура за извршување на расходите на Буџетот на Општина Кочани, објавена на веб-страницата на Општината;<br>– Индексот за буџетската транспарентност за 2022/23 изнесува 16 (од можни 16) индексни поени, во споредба со 2021/22 кога изнесувал 15;<br>– Подобрена активната транспарентност која во 2023 година изнесува 97,11 %, во однос на 2022 кога изнесуваше 95,87 % |

| | |
|---|---|
| | Објавени Индикатори за јавните набавки за 2022 година на веб-страницата на Општината;<br>– Подобрени капацитети за планирање на внатрешната ревизија и јавно презентирање на резултатите од извршените ревизии за 2022, објавени на веб-страницата на Општината. |
| <br> | **Градоначалниците на општините Кочани и Перник потпишаа меморандум за соработка**<br><br>За време на 30. Меѓународен фестивал „Сурва“, кој се одржа во Перник, Р Бугарија, градочалниците на Општина Кочани Љупчо Папазов и на Општина Перник Станислав Владимиров потпишаа меморандум за соработка на двете општини.<br><br>Досега Кочани и Перник соработуваа најмогу на полето на културата со размена на фолклорни, сурвакарски и музички групи итн.<br><br>Со потпишаниот меморандум за соработка се очекува поголема соработка помеѓу општините, споделување на повеќе искуства, добри практики, како и поддршка во развојот и во други области во работењето на општините. |

**Општина Кочани**
**ул. „Раде Кратовче“ бр. 1**
**2300 Кочани**
**☎ 033 274 001**
**www.kocani.gov.mk**
**info@kocani.gov.mk**